РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА

# Билтен на месечни активности за месец мај 2024

Април, 2024

# Содржина

Постапки за селекција на кандидати за вработување и унапредување на административни службеници ... 1

Испит за административно управување ... 1

Постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен ... 1

Соработка со други институции и меѓународна соработка ... 3

Комуникација со корисници на услуги преку електронска контакт адреса ... 3

Јавни набавки ... 4

Реализација на буџет ... 5

# Постапки за селекција на кандидати за вработување и унапредување на административни службеници

Врз основа на член 8-а став (1) алинеја 4 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" број 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 98/19, 42/20, 74/21 и 215/21), а согласно Решението за распишување избор за претседател на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" број 37/2024), и Решението за распишување избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" број 37/2024), **започнатите постапки за вработување на административни службеници се ставаат во мирување.**

# Испит за административно управување

Во текот на месец мај 2024 година спроведени се 6 испити за административно управување на кои се пријавиле 45 кандидати. Од нив на испитот се појавија 14 кандидати од кои испитот го положиле 9 кандидати (65%), а не го положиле 5 кандидати. Од кандидатите кои што се пријавени 32 се вработени во јавен сектор, 5 во приватен сектор и 8 невработени лица.

| Спроведени испити | Пријавени кандидати | Присутни на испит | Положиле | Неположиле | Јавен сектор | Приватен сектор | Невработен |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6 | 45 | 14 | 9 | 5 | 32 | 5 | 8 |

*Табела 1. Административно управување мај 2024*

# Постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен

До Комисијата за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен во текот на месец мај 2024 година беа поднесени: 11 жалби и приговори на административните службеници, од кои 11 жалби и приговори на државните службеници .

Во месец мај 2024 година во просториите на Агенцијата за администрација беа одржани **6 с**едници, на кои беше одлучено по 37 жалби и приговори, од кои 9 жалби и приговори на државните службеници и 28 на јавни службеници. Поради барање на дополнителни податоци и одредени списи, 9 предмети од мај преминуваат во јуни 2024 година.

Од вкупниот број на одлучени жалби и приговори на државните службеници (вкупно 9): **2 жалби** се одбиени, **2 жалби** се мериторно одбиени, **3 жалби** се отфрлени , 1 **(една) жалба** се уважува и донесени заклучоци за постапка во мирување-1 **(една)** жалба.

Од вкупниот број на јавните службеници (вкупно 28): **28 жалби** се одбиени.

| Број на примени жалби и приговори | | Број на обработени жалби и приговори државни (Д) и јавни службеници (Ј) | | Уважени | | Одбиени | | Отфрлени како недозволени | | Отстапени на друг орган | | Повлечени од подносител | | Не надлежност | | Мериторно уважени | | Мериторно одбиени | | Запрена постапка | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј |
| 11 | / | 9 | 28 | 1 | / | 2 | 28 | 3 | / | / | / | / | / | / | / | 4 | / | 2 | / | 1 | / |

*Табела 2. Обработени жалби во мај 2024*

## Соработка со други институции и меѓународна соработка

Агенцијата за администрација во текот на месец мај 2024 година оствари соработка со институциите во јавниот сектор за што има обработено 19 предмети од кој 11 се однесуваат на тековното работење на Агенцијата за администрација, а останатите 8 предмети се поврзани со надлежностите на Агенцијата, а се доставени од државни институции, судови и други, и тоа: Виш управен суд (1); Управен суд (2); Државно правобранителство на Република Северна Македонија (3); Агенција за храна и ветеринарство (1) и административен службеник (1).

## Комуникација со корисници на услуги преку електронска контакт адреса

На службената контакт е-маил адреса на Агенцијата пристигнати се вкупно 29 е-маил пораки во форма на прашања од заинтересирани граѓани, од кои одговорени се 6 електронски пораки, а за 23 електронски пораки е постапено согласно дадени насоки од надлежното раководно лице.

# Јавни набавки

Во текот на месец мај 2024  година, Објавени се 2 огласи на ЕСЈН, донесени се 3 Одлуки за избор и склучени се 6 Договори за јавни набавки со вкупна вредност од 1.110.200,00 без ДДВ или 1.255.670,00 со ДДВ.

| Број на донесени Одлуки за јавни набавки | Објавени огласи на ЕСЈН | Број на донесени Одлуки за избор | Број на склучени договори |
| --- | --- | --- | --- |
| / | 2 | 3 | 6 |

*Табела 3. Јавни набавки мај 2024*

# Реализација на буџет

Во месец мај 2024 година реализацијата на буџетот е прикажана во следната табела:

| Ставка | Буџет 2024година | Реализација на буџетот до 31.05.2024 | Реализација на буџетот од 01.05.2024 – 31.05.2024 | Преостанат буџет на располагање до 31.12.2024 |
|---|---|---|---|---|
| **401- основни плати** | 26.987.000,00 | 10.770.168,00 | 2.192.245,00 | 16.216.832,00 |
| **402-придонеси за социјално осигурување** | 10.256.000,00 | 4.188.381,00 | 852.525,00 | 6.067.619,00 |
| ***404-надоместоци*** | 616.000,00 | 0,00 | 0,00 | 616.000,00 |
| ***414 – капитални резерви-купување на опрема и машини*** | 97.500,00 | 0,00 | 0,00 | 97.500,00 |
| **420-патни и дневни расходи** | 60.000,00 | 0,00 | 0,00 | 60.000,00 |
| **421-комунални услуги, греење, комуникација и транспорт** | 3.070.000,00 | 1.136.316,00 | 128.412,00 | 1.933.684,00 |
| **423-материјали и ситен инвентар** | 400.000,00 | 102.890,00 | 2.998,00 | 297.110,00 |
| **424-поправки и тековно одржување** | 1.500.000,00 | 481.340,00 | 194.584,00 | 1.018.660,00 |
| **425-договорни услуги** | 1.600.000,00 | 540.438,00 | 115.415,00 | 1.059.562,00 |
| **426-други тековни расходи** | 300.000,00 | 27.270,00 | 2.839,00 | 272.730,00 |
| **464-разни трансфери** | 176.000,00 | 77.202,00 | 0,00 | 98.798,00 |
| **480-купување на опрема и машини** | 552.500,00 | 0,00 | 0,00 | 552.500,00 |
| **485-вложување и нефинансиски средства** | 2.360.000,00 | 924.466,00 | 0,00 | 1.435.534,00 |
| ВКУПНО | **47.975.000,00** | **18.248.471,00** | **3.489.018,00** | **29.726.529,00** |

*Табела 4. Реализацијата на буџетот на Агенцијата*